Република Северна Македонија
Основен суд Виница
СУ02-22/2019-1
13.11.2019 година

# ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА НАБАВКА ОД МАЛА ВРЕДНОСТ

## ЗА НАБАВКА НА РАБОТИ –реконструкција и опремување на сервер сала

Ноември, 2019 година

Врз основа на член 48 и 81 од Законот за јавните набавки (Службен весник на РМ бр.24/19), подготвена е:

ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

За набавка од мала вредност –реконструкција и опремување на сервер соба

# 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО ДОГОВОРНИОТ ОРГАН И ПРЕДМЕТОТ НА НАБАВКА

**1.1 Договорен орган**

1.1.1 Договорниот орган Основен суд Виница, Виница адреса ул.Бел Камен бб , лице за контакт Елена Јованов-с.соработник тел/моб 076 498 737 електронска адреса osvinica@osvinica.mk .

**2. Предмет на договорот за јавна набавка**

2.1. Предмет на договорот за јавна набавка на работи е реконструкција и опремување на сервер соба.

Детален опис на предметот на договорот е даден во техничките спецификации во прилог на оваа тендерска документација.

2.2. Предметот на договорот е неделив. Економскиот оператор во својата понуда треба да ги вклучи сите составни делови. Во спротивно понудата ќе се смета за неприфатлива.

**3. Општи мерки за спречување на корупцијата**

3.1 Договорниот орган во постапката за јавна набавка и при извршување на договорот, ќе ги преземе сите потребни мерки со цел навремено откривање на корупцијата и отстранување или намалување на штетните последици од истата.

**4. Начин на изведување на работите**

Носителот на набавката е должен предметот на набавката да го изврши согласно техничката спецификација која е составен дел на оваа тендерска документација на договорниот орган на следнава адреса: бул. Основен суд Виница, ул.Бел Камен бб , Виница.

**5. Разлики во цена (корекција на цени)**

5.1. Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

**6. Рок за изведување на работите**

6.1 Носителот на набавката е должен предметот на договорот на договорниот орган да го изведе во период од 7 (седум) дена од денот на склучување на договорот за јавна набавка.

**7. Гарантен рок на изведените работи**

7.1 Мимималниот гарантен рок на изведените работи е 12 месеци.

**8. Начин на плаќање**

Начин на плаќање е вирмански по доставена фактура, во рок од 30 дена сметано од денот на приемот на фактурата во архивата на Основен суд Виница, во рамки на вкупната договорена вредност на договорот

Прилог на фактурата е уредно заверена испратница.

Во случај договорниот орган да не ја плати фактурата во договорениот рок се засметува законска затезна камата во висина определена согласно позитивните законски прописи.

**9. Право на учество**

9.1. Економскиот оператор кој има една или повеќе негативни референци, групата економски оператори во која членува економски оператор кој има негативна референца, економскиот оператор кој користи подизведувач кој има негативна референца, како и економскиот оператор кој претставува поврзано друштво со економскиот оператор кој има негативна референца, нема право на учество.

9.2. Право да достави понуда има секое физичко или правно лице или група такви лица, вклучувајќи ги и сите привремени здружувања кои на пазарот или во постапките за јавни набавки нудат стоки, услуги или работи.

9.3. Право да достави понуда има и група на економски оператори без обврска за здружување во соодветна правна форма. Договорниот орган нема да бара од групата економски оператори да има соодветна правна форма како услов за поднесување на групна понуда.

9.4. Составен дел од групната понуда е договор за поднесување групна понуда со кој членовите во групата економски оператори меѓусебно и кон договорниот орган се обврзуваат за извршување на договорот за јавна набавка, а кој особено ги содржи следниве податоци: членот на групата кој ќе биде носител на групата, односно што ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата, членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе го потпише договорот за јавна набавка, членот на групата кој ќе ја издаде фактурата и сметка на која ќе се вршат плаќањата и краток опис на обврските на секој од членовите на групата економски оператори за извршување на договорот.

9.5. Членовите на групата економски оператори одговараат неограничено и солидарно пред договорниот орган за обврските преземени со понудата. Договорниот орган ќе комуницира со претставникот на групата на понудувачи.

Напомена: Во моментот на поднесување на групна понуда, носителот на групата треба да биде регистриран на Електронскиот систем за јавни набавки. [1]

Носителот на групата задолжително ги потпишува со дигитален сертификат: понудата, потребните изјави и целокупната документација која самиот ја изготвува и потпишува. Доколку членовите на групата не поседуваат дигитален сертификат, потребните изјави и документацијата која тие ја изготвуваат и потпишуваат може да биде своерачно потпишана и доставена во скенирана електронска форма.

---

[1] Доколку е потребно да се издаде негативна референца на групата понудувачи а некој од членовите на групата не е регистриран на ЕСЈН, договорниот орган ќе ја објави негативната референца за сите членови на групата, при што нерегистрираните претходно ќе ги регистрира на ЕСЈН врз основа на доставените податоци од понудата.

9.6. Кандидатот, односно понудувачот, во рамките на иста постапка за доделување на договор за јавна набавка може да учествува само во една понуда. Сите понуди ќе бидат отфрлени ако економскиот оператор:

- учествува во повеќе од една самостојна и/или како член во групна понуда или
- учествува како подизведувач во друга самостојна и/или како член во групна понуда.

9.7. Економскиот оператор може да учествува како подизведувач во повеќе од една понуда.

9.8. Понудувачот може дел од договорот за јавна набавка да додели на подизведувач. Доколку понудувачот користи подизведувач при извршувањето на договорот за јавна набавка, во понудата ги наведува сите подизведувачи, како и секој дел од договорот за кој има намера да го додели на подизведувачи, доставува контакт податоци за законските застапници на предложените подизведувачи, доставува документација за утврдување способност на предложените подизведувачи и доставува барање од подизведувачот за директно плаќање, доколку подизведувачот го бара тоа.

9.9. Лицата кои учествуваат во изработка на тендерската документација не смеат да бидат понудувачи или членови во група понудувачи во постапката за јавна набавка.

**10. Утврдување на способност**

**Услови за утврдување на способност**

При утврдување на способноста на економските оператори, договорниот орган утврдува:
- дали постојат причини за исклучување од постапката утврдени во чл. 88 став 3 од ЗЈН и
- дали се исполнети условите за квалитативен избор утврдени во чл. 90 од ЗЈН.

10.1. **Причини за исклучување од постапка**

**10.1.1.** Договорниот орган го исклучува економскиот оператор од постапката за јавна набавка доколку до крајниот рок за поднесување на понудите е на листата на издадени негативни референци од членот 101 став 13 од ЗЈН.

**10.2. Услови за квалитативен избор**

За да учествуваат во постапката за доделување на договор, економските оператори задолжително мора да ги исполнуваат следниве услови за квалитативен избор:

**10.2.1. Способност за вршење на професионална дејност**

Понудувачот треба да е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или да припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

**11. Докажување на способноста**

11.1.1 Како документи дека не постојат причини за исклучување од членот 88 став 3 од ЗЈН, договорниот орган ги прифаќа следниве документи:

- **извод од листата на негативни референци** која договорниот орган ја обезбедува од ЕСЈН.

11.1.2. За докажување на способноста за вршење на професионалната дејност, економскиот оператор треба да достави со својата понуда **документ за регистрирана дејност** како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

## 12. Појаснување, измена и дополнување на тендерската документација

12.1 Економските оператори може да постават прашања или барања за појаснување или измена на тендерската документација, исклучиво во електронска форма, преку ЕСЈН, со користење на модулот "Прашања и одговори", под услов истите да бидат поднесени најмалку 4 (четири) дена пред крајниот рок за поднесување на понудите.

12.2. Договорниот орган е должен да одговори на сите прашања или барања за појаснување или измени ќе го достави преку ЕСЈН, во модулот „Прашања и одговори", по што сите економски оператори што презеле тендерска документација ќе добијат автоматско електронско известување дека е даден одговор на поставеното прашање и ќе бидат во можност да го прочитаат, без при тоа да се идентификува економскиот оператор што побарал појаснување.

12.3. Договорниот орган може, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања или барања од економските оператори, да ја измени или дополни тендерската документација.

12.4. Одговорите, како и измените и дополнувањата на тендерската документација, договорниот орган без надоместок и во најкус можен рок ги прави достапни на ист начин како што ја направил достапна тендерската документација, но не подоцна од 2 (два) дена од крајниот рок за поднесување на понудите.

## 13. Изготвување и поднесување на понудите

13.1. Начин на изготвување на понудата
Понудата се изготвува во согласност со тендерската документација, во електронска форма, со користење на обрасците дадени во прилог.
Доколку понудувачот има намера да користи подизведувач при извршувањето на договорот за јавна набавка, во понудата ги наведува сите подизведувачи, како и секој дел од договорот за кој има намера да го додели на подизведувачи, доставува контакт податоци за законските застапници на предложените подизведувачи, доставува документација за утврдување способност на предложените подизведувачи и доставува барање од подизведувачот за директно плаќање, доколку подизведувачот го бара тоа.

13.2. Понудата се поднесува во електронска форма преку ЕСЈН и истата треба да биде електронски потпишана со користење на дигитален сертификат од одговорното лице на економскиот оператор или лице овластено од него. Дигиталниот сертификат треба да биде со важност најмалку до моментот на јавното отворање односно крајниот рок за поднесување на понудите.
Доколку понудата ја потпишува лице овластено од одговорното лице, во прилог се доставува и овластување за потпишување на понудата потпишано од одговорното лице.

Подетални информации за начинот на дигитално потпишување се содржани во прирачникот "Општи и технички препораки за користење на ЕСЈН за економски оператори и договорни органи" објавен на почетната страна на ЕСЈН во делот "Документи".

13.3. Економските оператори можат во хартиена форма да ја поднесат документација во нестандарден формат и големина пред крајниот рок за поднесување на понудите, доколку истите се преобемни за скенирање и прикачување на ЕСЈН.

13.4. Изјава за сериозност на понудата

Во прилог на понудата, понудувачот доставува и електронски потпишана изјава за сериозност на понудата, при што треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација. Доколку дојде до прекршување на дадената изјава за сериозност на понудата, истото ќе резултира со издавање негативна референца против таквиот понудувач на начин и согласно условите утврдени во Законот за јавните набавки.

14.5. Елементи на понудата

Понудата треба да е составена од следниве елементи:

- Образец на понуда (Прилог 1),
- Изјава за сериозност на понудата (Прилог 2),
- Документ за регистрирана дејност (ДРД образец)
-

14.6. Јазик на понудата

Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата кои се разменуваат со понудувачот, се пишуваат на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо. Придружните документи и печатената литература кои се дел од понудата може да бидат на друг јазик, под услов да се придружени со точен превод на македонски јазик.

14.7. Период на важност на понудата

Периодот на важност на понудата ќе изнесува 90 (деведесет) дена од денот утврден како краен рок на јавното отворање за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Понудите кои содржат покус период на важност од тој утврден во оваа точка од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

14.8. Принцип на една понуда

Едно правно или физичко лице може да поднесе само една понуда, без оглед дали ја доставува поединечно или како член на група на понудувачи. Во спротивно сите понуди во кои се јавува тоа правно или физичко лице се отфрлаат.

**15. Краен рок и место за поднесување на понудите**

15.1. Краен рок за поднесување на понудите е 20.11.2019 година во 08.00 часот.

15.2. Понудите се поднесуваат преку ЕСЈН достапен преку следнава веб адреса: https://www.e-nabavki.gov.mk.

15.3. Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите нема да биде примена во ЕСЈН, односно ќе биде автоматски отфрлена за што и

договорниот орган и економскиот оператор ќе бидат известени и истата нема да се прикаже при јавното отворање на понудите.

## 16. Јавно отворање и евалуација на понудите

16.1. Јавното отворање на понудите започнува во времето определено во тендерската документација како краен рок за поднесување на понудите.

16.2. Во моментот на отпочнување на отварањето на понудите, ЕСЈН на понудувачите ќе им овозможи пристап до следните податоци:
- бројот на огласот за кој е поднесена секоја понуда,
- името на понудувачот и
- цената на понудата и валутата во која е искажана понудата.

16.3. Комисијата за јавни набавки ќе пристапи кон отворање на понудите доколку е пристигната и само една понуда.

## 17. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка

17.1 Критериум за доделување на договорот за јавна набавка е економски најповолна понуда со најниска понудена цена.

## 17.7 Евалуацијата на понудите

17.7.1 Кај набавката од мала вредност, комисијата најпрво ја проверува комплетноста и валидноста на способноста за вршење на професионална дејност на понудувачот. Истовремено, согласно со член 101 став 13 од законот, комисијата во генерираниот извештај на ЕСЈН за негативни референци, проверува дали понудувачите се на листата на издадени негативни референци.
17.7.2 При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување способност на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација, внимавајќи со бараното појаснување или дополнување да не создава предност во корист на одреден економски оператор.
17.7.3 Договорниот орган ќе побара од економскиот оператор, во рок не пократок од пет дена, да ја објасни цената или трошокот наведен во понудата, доколку смета дека понудата содржи невообичаено ниска цена во однос на *работите*[2] што се предмет на набавка или доколку постои сомнеж дека договорот ќе биде извршен.
17.7.4 Договорниот орган, ќе побара објаснување на цената доколку вредноста на понудата е за повеќе од 50 % пониска од просечната цена на прифатливите понуди и е за повеќе од 20 % пониска од следната рангирана понуда, во случај да има добиено најмалку три прифатливи понуди.
17.7.5 Бараното објаснување понудувачот го доставува преку ЕСЈН во рок кој го определила комисијата.
17.7.6 Комисијата не смее да бара, ниту да дозволува никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки.
17.7.7 Комисијата во примерен рок може да побара од понудувачот, а со цел за објаснување на понудата, превод на делот од понудата кој е во врска со техничката

[2] Ако предмет на набавка се стоки останува само тој збор, останатото се брише.

документација за кој во тендерската документација дозволил истата да биде изработена на странски јазик[3].
17.7.8 Евалуацијата на понудите ќе се врши согласно со критериумите наведени во тендерската документација.
17.7.9 По извршената евалуација, комисијата ќе пристапи кон рангирање на понудите и изготвување предлог за избор на најповолна понуда.

**<u>17.8 Исправка на аритметички грешки</u>**

17.8.1 Ако понудата е прифатлива и е составена и доставена во согласност со тендерската документација, договорниот орган ги коригира аритметичките грешки на следниот начин:

- ако постои несовпаѓање меѓу зборовите и бројките, преовладува износот што е напишан со зборови;
- ако постои разлика помеѓу единечната цена и вкупната цена, тогаш преовладува единечната цена.

17.8.2 Во случај на несовпаѓање помеѓу цената внесена на ЕСЈН и цената внесена во образецот на понудата, за валидна се смета цената внесена во образецот на понуда. Во овој случај комисијата ќе ја измени цената внесена на ЕСЈН.

**<u>17.9 Заштита на податоци</u>**

17.9.1 Договорниот орган нема да открива информации доставени од страна на економскиот оператор кои се означени како тајна или утврдени како класифицирана информација.
17.9.2 Економскиот оператор може, врз основа на закон, друг пропис или општ правен акт да означи одредени податоци за деловна тајна или за класифицирани, вклучувајќи ги техничките или трговските тајни содржани во понудата или пријавата за учество, под услов да го наведе правниот основ врз основа на кој истите се означени за тајни или за класифицирани.
17.9.3 Економскиот оператор не смее да ги означи за деловна тајна или за класифицирана информација: цената на понудата, трошоците на животниот век, спецификациите на понудените стоки, услуги или работи, количините, податоците во врска со критериумите за избор на најповолна понуда, јавните исправи, извадоците од јавни регистри и другите податоци кои согласно со посебните прописи мора јавно да се објавуваат или не смее да се означат како деловни тајни или како класифицирани информации.
Напомена: Понудата на економскиот оператор која е подготвена спротивно на точка 17.9.3 од оваа тендерска документација, комисијата ќе ја смета за неприфатлива и нема да ја евалуира.

**<u>18. Посебни начини за доделување на договорот за јавна набавка</u>**

18.1. Договорот за јавна набавка ќе се додели со примена на набавка од мала вредност со објавување на оглас.

18.2. Оваа постапка ќе се спроведува со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) (https://www.e-nabavki.gov.mk).

---

[3] Во случај кога не е дозволено доставување на дел од понудата кој е во врска со техничката документација на странски јазик, оваа точка се брише.

18.3. Подетални информации за користењето на електронски средства: За да можете да учествувате во постапката, потребно е да се регистрирате во ЕСЈН и да поседувате дигитален сертификат. Економскиот оператор се регистрира во ЕСЈН со пополнување на регистрациска форма која е составен дел од ЕСЈН[4], по што ЕСЈН автоматски ги обработува податоците од регистрациската форма, генерира шифра и истата ја доставува на регистрираната електронска пошта на економскиот оператор. Повеќе информации за начинот на регистрација и користење на системот ќе најдете во Прирачникот за користење на ЕСЈН наменет за економски оператори, кој можете да го преземете од почетната страна на ЕСЈН во делот „Економски оператори“ и Правилникот за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/2019).

**19. Поништување на постапката**

19. 1 Договорниот орган може да ја поништи постапката за јавна набавка, за што носи одлука за поништување на постапката ако:

- бројот на кандидати е понизок од минималниот број предвиден за постапките за јавна набавка согласно со овој закон,
- не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда,
- настанале непредвидени промени во буџетот на договорниот орган,
- понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот,
- оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци,
- добие инструкции од Бирото да ја поништи постапката во управна контрола или поради технички проблем на ЕСЈН кој не може да се надмине на поинаков начин, или
- поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган.

19.2 Договорниот орган ги известува сите учесници во постапката за јавна набавка преку ЕСЈН, најдоцна во рок од три дена од денот на поништувањето, во врска со престанокот на обврските на учесниците што произлегуваат од поднесувањето на понудите и за причините за поништување на постапката.

**20. Доделување на договорот за јавна набавка**

20.1. Договорниот орган, договорот му го доделува на економскиот оператор чија понуда ќе биде со најниска понудена цена.

**21. Известување за доделување на договорот за јавна набавка**

21.1 Избраниот најповолен економски оператор ќе биде известен во електронска форма преку ЕСЈН дека неговата понуда е прифатена, најдоцна во рок од 3 дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда. Во исто време, и сите други економски оператори ќе бидат известени за резултатите од постапката, одлуката кој е најповолен економски оператор како и за причините за неизбор на нивната понуда. Економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во целокупната документација од постапката, вклучувајќи ги доставените понуди или пријави за учество, освен оние документи што се означени како деловна тајна.

[4] Линк „Регистрирај се“ во делот „Економски оператори“ на почетната страна на ЕСЈН

**22. Склучување на договорот**

22.1 Договорните страни го склучуваат договорот за јавна набавка во писмена форма во рамки на рокот на важност на најповолната понуда, но не подоцна од 30 дена од денот на конечноста на одлуката за избор.
22.2 Договорот за јавна набавка или рамковната спогодба се склучува согласно со условите утврдени во тендерската документација и понудата.
22.3 Избраниот најповолен понудувач има обврска да го потпише договорот за јавна набавка **во рок од три дена** од денот на добивање на договорот и истиот да му го врати на договорниот орган.
22.4 Доколку избраниот најповолен понудувач не го потпише договорот во рокот утврден во **точка 22.3** од тендерската документација, договорниот орган го задржува правото да смета дека избраниот најповолен понудувач се откажал од склучување на договорот, да даде негативна референца за понудувачот и да ја активира дадената Изјава за сериозност на понудата/гаранцијата на понудата.
22.5 Ако избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот или дојде до раскинување заради негово ненавремено или неквалитетно извршување, договорниот орган може да склучи договор со следниот рангиран понудувач, ако цената не е повисока од 5% во однос на првично избраната понуда.

**23. Извршување на договорот**

23.1 Договорните страни го извршуваат договорот за јавна набавка согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.
23.2 Договорниот орган ќе врши контрола дали извршувањето на договорот за јавна набавка е во согласност со условите од договорот.
23.3 При извршувањето на договорот договорните страни покрај одредбите од Законот за јавните набавки, соодветно ќе ги применат одредбите од законот што ги уредува облигационите односи и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

**24. Измени на договорот за јавна набавка во текот на неговата важност**

24.1 Оваа точка треба да биде содржана доколку во текот на реализацијата на договорот може да дојде до негово менување согласно со член 119 од Законот за јавните набавки.

## 25. ПРАВО НА ЖАЛБА И ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**25.1 Право на жалба**

25.1.1 Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за јавна набавка.
25.1.2 Жалбата се изјавува до Државната комисија во електронска форма, а се доставува истовремено до Државната комисија и договорниот орган преку ЕСЈН.
25.1.3 Кај набавката од мала вредност, жалба се изјавува во рок од пет дена, од денот на:

1. објавување на огласот за јавна набавка, во однос на содржината на огласот или тендерската документација;
2. објавување на известувањето за измени и дополнителни информации, во однос на содржината на измените и дополнителните информации;
3. отворање на понудите, во однос на пропуштањето на договорниот орган соодветно да одговори на навремените прашања или барања за појаснување или измени на тендерската документација или
4. прием на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување, во однос на постапката на евалуација и избор на најповолна понуда, или за причините за поништување на постапката.
5. Жалителот кој пропуштил да изјави жалба, нема право на жалба во подоцнежната фаза на постапката за истиот правен основ.

**<u>26. Завршување на постапката за доделување на договор за јавна набавка</u>**

26.1 Постапката за доделување на договор за јавна набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

26.2 Договорниот орган ги враќа мострите, урнеците и документите кои предвидел дека ќе се вратат на понудувачите во тендерската документација во рок од 30 дена по завршувањето на постапката.

**27. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА**
**<u>27.1 Во оваа точка договорниот орган ги наведува задолжителните одредби од договорот како на пример:</u>**

- предмет на договорот;
- времетраење на договорот;
- динамика на испорака на стоките, услугите или работите;
- пенали за задоцнување или неисполнување на договорот;
- гаранција за извршување на договорот и услови за наплата;
- начин, услови и рокови на плаќање;
- затезна камата за задоцнето плаќање;
- разлики во цена;
- услови за квантитативна и квалитативна контрола;
- надзор на извршување на работите;
- начин на примопредавање на стоката, извршување на услугите и на работите;
- подизведување и подизведувачи;
- виша сила;
- гарантен период;
- услови за прекинување или раскинување на договорот;
- решавање на спорови. и сл./или се дава Модел на договор.[5]

[5] Во случај да е даден модел на договор, договорниот орган да напомене дали истиот треба да се достави потпишан електронски заедно со понудата / или се дава на увид на економските оператори за да се запознаат со задолжителните елементи на договорот.

Технички спецификации за јавна набавка на работи за реконструкција и опремување на сервер соба

Техничка спецификација
за реконструкција и опремување на сервер соба во Основен суд Виница

| Опис | Едине-чна мера | Коли-чина |
|---|---|---|
| I. Претходни работи | | |
| - Отстранување на постоечки под од синтелон | м2 | 4.04 |
| - Отстранување на надворешна балконска ПВЦ врата 138/220 | број | 1 |
| - Отстранување на балконска ПВЦ врата 138/220, и внатрешна дрвена врата 99/210 | број | 1 |
| | | |
| - Демонтажа и монтажа на постојниот информатички систем<br>- преместување на сервер рак од работна просторија<br>- преместување на сигнална/ мрежна инсталација и постоечки пластични канали за развод во зависност од потребите. | број | 1 |
| | | |
| II. Разни работи | | |
| - Полагање на порамнителен слој д=5цм.од армиран бетон врз слој од стиродур, д=2цм.и подлога од дрвени штафни 5/15 | м2 | 4.04 |
| - Набавка и полагање на под од ламинат, врз ПВЦ воал мека подлога | м2 | 4.04 |
| - Набавка и монтажа на уред за детекција и дојава (против пожарен аудио и светлосен аларм) на пожар. Монтажа на дојавен систем (алармна сирена 32 тона со флешер, стандард EN54-3) на надворешен ѕид. | број | 1 |
| - Набавка на **рачни** против пожарни апарати тип S-6 или HFC Foxer 6kg (FM 200), сместен ВНАТРЕ во сервер соба | број | 1 |
| - Набавка на **рачни** против пожарни апарати тип S-6 или HFC Foxer 6kg (FM 200), сместен НАДВОР од сервер соба | број | 1 |
| - Набавка и монтажа на дрвени штафни 5/15цм, за подигање на кота на подот | м2 | 4.04 |
| - Набавка и монтажа на подигнат под до 20 цм, со носивост од 600кг/м2 | м2 | 4.04 |
| - Набавка и монтажа на антистатски под врз постоечки подигнат под | м2 | 4.04 |
| - Подигање на надвратник за блиндираната врата со армирано бетонски надвратник, МБ-30 | м3 | 0.054 |
| - Набавка и монтажа на блиндирана врата со обезбедување на две вертикални и една хоризонтална точка. | број | 1 |
| - Арматура набавка, сечење, виткање врзување и монтирање | м3 | 50 |
| | | |
| III. Ѕидарски работи | | |
| - Изработка на ѕидни панели од дрвени штафни, 5/14цм.вертикали и хоризонтали, лесни панели. Поставање на панелот врз филц. | м2 | 3.04 |
| - Облагање на ѕидните панели со водоотпорна шпер плоча д=1,6цм, до висина од 4,0м во еден слој. | м2 | 3.04 |
| - Облагање на ѕидни панели со ПВЦ фолија, од двете страни на панелот. | м2 | 6.08 |
| - Набавка и облагање на панелот со огноотпорна гипскартонска плоча д=11мм, од внатрешната страна. | м2 | 31.5 |
| - Набавка и облагање на ѕидни панели со стиродур од надворешна страна, д=2,0цм. | м2 | 3.04 |
| - Набавка и монтажа на фасада со три премази од градежни лепила, рабиц мрежа и боење на фасадата со фасадекс. | м2 | 3.04 |
| | | |




ОСНОВА НА КАТ

**Прилог 1 – Образец на понуда**

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот број ________ објавен од страна на Основен суд Виница, за доделување на договор за јавна набавка на работи за реконструкција и опремување на сервер соба со спроведување постапка за набавка од мала вредност, преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk), и на поедноставената тендерска документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: ____________________________________________
I.2. Контакт информации

- Адреса: ____________________________________________
- Телефон: ____________________________________________
- Факс: ____________________________________________
- Е-пошта: ____________________________________________
- Лице за контакт: ____________________________________________

I.3. Одговорно лице: ____________________________________________
I.4. Даночен број: ____________________________________________

**Дел II – Техничка понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве стоки/услуги/работи:

***Напомена: Техничката понуда треба да содржи детален опис на производите (на пр. бренд, каталог, слика, состав, нутритивни вредности итн.) врз основа на кои може да се оценуваат производите и комисјата за јавни набавки ќе може да утврди дали понудените производи се соодветни со барањата во техничките спецификации.***

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ |
| | | | | | |
| I. Претходни работи | | | | | |
| - Отстранување на постоечки под од синтелон | м2 | 4.04 | | | |
| - Отстранување на надворешна балконска ПВЦ врата 138/220 | број | 1 | | | |
| - Отстранување на балконска ПВЦ врата 138/220, и внатрешна дрвена врата 99/210 | број | 1 | | | |
| | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - Демонтажа и монтажа на постојниот информатички систем - преместување на сервер рак од работна просторија - преместување на сигнална/ мрежна инсталација и постоечки пластични канали за развод во зависност од потребите. | број | 1 | | | |
| | | | | | |
| II. Разни работи | | | | | |
| - Полагање на поравнителен слој д=5цм.од армиран бетон врз слој од стиродур, д=2цм.и подлога од дрвени штафни 5/15 | м2 | 4.04 | | | |
| - Набавка и полагање на под од ламинат, врз ПВЦ воал мека подлога | м2 | 4.04 | | | |
| - Набавка и монтажа на уред за детекција и дојава (против пожарен аудио и светлосен аларм) на пожар. Монтажа на дојавен систем (алармна сирена 32 тона со флешер, стандард EN54-3) на надворешен ѕид. | број | 1 | | | |
| - Набавка на **рачни** против пожарни апарати тип S-6 сместен ВНАТРЕ во сервер соба | број | 1 | | | |
| - Набавка на **рачни** против пожарни апарати тип S-6 сместен НАДВОР од сервер соба | број | 1 | | | |
| - Набавка и монтажа на дрвени штафни 5/15цм, за подигање на кота на подот | м2 | 4.04 | | | |
| - Набавка и монтажа на подигнат под до 20 цм, со носивост од 600кг/м2 | м2 | 4.04 | | | |
| - Набавка и монтажа на антистатски под врз постоечки подигнат под | м2 | 4.04 | | | |
| - Подигање на надвратник за блиндирананата врата со армирано бетонски надвратник, МБ-30 | м3 | 0.054 | | | |
| - Набавка и монтажа на блиндирана врата со обезбедување на две вертикални и една хоризонтална точка. | број | 1 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - Арматура набавка, сечење, виткање врзување и монтирање | м3 | 50 | | | |
| | | | | | |
| III. Ѕидарски работи | | | | | |
| - Изработка на ѕидни панели од дрвени штафни, 5/14цм.вертикали и хоризонтали, лесни панели. Поставање на панелот врз филц. | м2 | 3.04 | | | |
| - Облагање на ѕидните панели со водоотпорна шпер плоча д=1,6цм, до висина од 4,0м во еден слој. | м2 | 3.04 | | | |
| - Облагање на ѕидни панели со ПВЦ фолија, од двете страни на панелот. | м2 | 6.08 | | | |
| - Набавка и облагање на панелот со огноотпорна гипскартонска плоча д=11мм, од внатрешната страна. | м2 | 31.5 | | | |
| - Набавка и облагање на ѕидни панели со стиродур од надворешна страна, д=2,0цм. | м2 | 3.04 | | | |
| - Набавка и монтажа на фасада со три премази од градежни лепила, рабиц мрежа и боење на фасадата со фасадекс. | м2 | 3.04 | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Вкупно: | | | | | |

*[Во оваа точка понудувачот ги наведува стоките/услугите/работите кои ги нуди со сите потребни технички карактеристики на истите, а во согласност со техничките спецификации дадени во тендерската документација. Доколку е попрактично, табелата може да се прилагоди или да се замени со друга форма која договорниот орган ја смета за соодветна. Доколку договорот за јавна набавка е поделен на делови, треба да се предвидат табели за секој дел посебно со идентификување на кој дел се однесува секоја табела.*

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на извршување на работите утврдени во тендерската документација.

**Дел III – Финансиска понуда**
*[Алтернатива 1 – за договори кои се неделиви, алтернатива 2 се брише]*
III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: ____________________________________________________________ *[со бројки]* (_______________________________________________________________) *[со букви]* денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува ________________.

III.2. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III. 3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум　　　　　　　　　　　　　　Одговорно лице

___________________________　　　　　　___________________________

(потпис) *

**_*Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него._**

**Прилог 2 – Изјава за сериозност на понудата**

# И З Ј А В А

Јас, долупотпишаниот _______________________________________ [име и презиме], врз основа на член 101 став 1 од Законот за јавните набавки, а во својство на одговорно лице на понудувачот ________________________________________________________, изјавувам дека во целост ја гарантирам содржината на понудата и дека понудата е валидна и правно обврзувачка за нас во сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од прекршување на оваа изјава во случаите од член 101 став 7 од Законот за јавните набавки, што ќе доведе до издавање негативна референца од страна на договорниот орган против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

Место и датум

__________________________

Одговорно лице

__________________________

(потпис) *

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*